**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26 – 2160/7
Датум: 07.07.2026

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25; 134/26) Општина Центар – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ**
**на Проектна програма со план за парцелација за Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 20.12 и ГП 20.37 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје**

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон, комисијата за урбанизам, формирана од градоначалникот со Решение бр. 09-73/2 од 3.4.2026 година, достави Известување со бр. 09-2160/4 од 15.5.2026 година до непосредните соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, вкупно 35 препорачани пратки со доставници.
Поради тоа што дел од испратените известувања се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка, а во согласност со член 63 став (11) од Законот, ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се барателите на предметната промена на градежните парцели 20.12 и 20.37 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за спојување на двете градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површините за изградба.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 20.12 и 20.37) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот со Одлука број 07-9331/10 од 10.12.1012 година.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје, на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, во барака бр. 3 канцеларија бр. 6 на 14.7.2026 година, од 9 до 11 часот, и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да доставаат приговори на Планската програма.**

Огласот за организирање на јавното излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на веб – страницата на Општина Центар – Скопје www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk